


Комисијата за избор на грантови ги оцени 62-та концепти на граѓанските организации, поднесени на вонредниот повик за ад хок грантови на Цивика мобилитас (ПЦМ-АДХ-02) за справување со пандемијата Ковид-19.

Добитници на ад-хок грант се 10 организации и тоа:

- **Здружение за еднородителски семејства „ Една може!“**, кое ќе пружа поддршка на жени од ранливи категории, со акцент на самохрани родители и членки од еднородителски семејства, жртви на семејно насилство и жени останати без приходи поради вонредна состојба предизвикана од Ковид-19.

- **Здружение за развој на општеството-социјални иновации „Wake Up“** кое ќе креира платформа „Е-психолог“ преку која на безбедно место ќе ги спојат психолозите и граѓаните кои ќе имаат потреба од итна психолошка помош и поддршка во текот на целиот ден.

- **Рурална Коалиција, Куманово**, која ќе работи на информирање на поширокатa јавност за секојдневните предизвици со кои што се соочуваат жените од кумановските

рурални средини, еден од најпогодените региони со Корона вирусот и ќе обезбеди поддршка за нив.

- **Здружение за меѓународна младинска соработка „Интерактив“, Битола**. Тие ќе работат на анимација и мотивација кај младите од Пелагонискиот регион и пошироко во време на пандемијата, преку употреба на ИТ алатки и социјални медиуми.

- **Здружението за развој на култура, образование и здравство „Кажи добро, Say OK“** , преку симболот на виножитото ќе влијаат на креирање позитивна атмосфера и оптимистички ставови кај населението во едно од најпогодените места од кризата – струшкото Лабуништа.

- **Здружението за поттикнување и промоција на информатиката „Асоцијација на студенти информатичари“** ќе ја надгради платформата covid19.mk на која редовно се ажурираат податоци за кризата од интерес на граѓаните.

- **Македонското здружение за заштита при работа** ќе работи на заштитата на работниците изложени на ризик од кризата и ќе ги едуцираат работниците од услужниот сектор за нивните права и можности во оваа ситуација.

- **Иницијативата за економски развој на Ромите „РЕДИ“** ќе работи на обезбедување пристап до вода и заштитна опрема (маски и ракавици) за 300 ромски семејства во Прилеп и Битола.

- **Здружението за заштита на животни и животна средина „Шепасти ентузијасти“** ќе ги ублажува последиците од пандемијата за бездомните и ранливи лица и бездомните животни.

- **Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“** ќе креира систем за мониторинг на хуманитарната помош и полесна координација за дадените донации во ромската заедница.

Новите грантисти дејствуваат во шест различни сектори и тоа најмногу во секторите на здравје и здравствена заштита, човекови права и маргинализирани заедници, но и во секторите за информации и комуникации, родови прашања и култура. Од нив, пет делуваат на локално/општинско ниво, четири на национално и една на регионално ниво во земјата. Вкупниот буџет на овие ад-хок акции изнесува речиси 1 милион денари (940,400 МКД).